РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 14-13147/4
05-12-2017 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет„Св.Климент Охридски“ во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По донесувањето, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на Решение бр. 17-307/4 од 12.06.2017 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет„Св.Климент Охридски“ во Битола, Факултетот се обрати со барање под нивен бр. 01-493/3 од 27.10.2017 година, до Министерството за образование и наука (под наш УП1 бр. 14-1347/1 од 01.11.2017 година), за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет„Св.Климент Охридски“ во Битола.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1347 од 15.11.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 21.11.2017 година, изврши увид и изготви Извештај бр.14-13147/3 од 24.11.2017 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Криминалистика на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитет„Св.Климент Охридски“ во Битола, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
СКОПЈЕ

| Примено: 13.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 - 493/4 | | | |

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

изработил: Билјана Јуруковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити